Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип**

Со Одлука бр. 1602-60/4 од 5 мај 2011 год., Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на својата редовна седница одржана на 4 мај 2011 година ги избра за рецензенти:

1. доцент д-р Војо Беловски, претседател;
2. доцент д-р Љупчо Сотироски, член;
3. вонреден проф. д-р Љупчо Блажевски;

со задача да изготват и достават писмен извештај – рецензија на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правниот факултет.

По деталниот преглед на ракописот „Практикумот“, Комисијата во горенаведениот состав го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Практикумот е од областа на трудовото право. Составен е од 19 дела и библиографија. Основниот текст содржи поглавја според Наставниот план и програмата на Правниот факултет на сите насоки. Предметот за кој е наменет „Практикумот“, се слуша во втора година во третиот семестар, на сите насоки, со неделен фонд на часови 2+1+1 со 6 кредити.

Ракописот има вкупно 56 страници (проред 1), во кои се поместени *предговор*, *вовед* и *главен дел*. Ракописот, исто така, содржи и 6 шематски прикази, една *одлука за стапување во штрајк*, еден *приговор до второстепен орган* и еден *договор за вработување* (3 страници) и *библиографија* (2 страници). „Практикумот“ е наменет за студентите од додипломски студии на Правниот факултет за сите насоки и е во потполна согласност со Наставната програма по овој предмет.

Во првиот дел од „Практикумот“ се опфатени поимот, дефиницијата, елементите и начелата на работниот однос. Во овој дел е содржано и начелото забрана на дискриминација во работните односи како важен меѓународен стандард на трудот.

Во вториот дел е опфатен правниот институт, договор за вработување, неговата содржина и видови на договори за вработување.

Во третиот дел, „Практикумот“ ги содржи правата и обврските на работникот и работодавачот.

Четвртиот дел опфаќа приправнички стаж, пробна работа и волонтерски стаж.

Во петтиот дел е опфатено престанувањето на важноста на договорот за вработување. Во него се содржани и разработени сите начини на престанок на важност на договорот за вработување, а се опфатени начините-причините на откажување на договорот за вработување од страна на работникот и од страна на работодавачот.

Шестиот дел ги опфаќа заштитата и безбедноста на работниците при работа. Притоа, во него се дадени основните права и обврски на работникот и работодавачите во делот на безбедноста и здравјето на работното место.

Во седмиот дел е разработено прашањето на посебната заштита на жената, младината, инвалидите и повозрасните работници.

Осмиот дел го обработува остварувањето на правото на плата и надоместоци од плата. Исто така, во овој дел е опфатена структурата на платата која се состои од: основна плата, дел од плата за работна успешност и додатоци. Објаснета е и постапката и причините за намалување на најниската плата.

Деветтиот дел го содржи работното време, паузата и одморот (неделен и годишен).

Во десеттиот дел се опфатени и разработени колективните договори (нивоа на склучување, страни на склучување и структура на колективниот договор) во РМ.

Единаесеттиот дел се однесува на репрезентативноста на синдикатот и здруженијата на работодавачи. Во овој дел се објаснети постапката за утврдување и преиспитување на репрезентативност, а во овој дел е поместен и шематскиот приказ на постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатот и здруженијата на работодавчи.

Дванаесетиот дел го содржи решавањето на индивидуалните и колективните работни спорови преку помирување, медијација и арбитража.

Тринаесеттиот дел се однесува на правата и обврските на вработените и работодавачите за време на штрајк. Во овој дел се поместени шемата за организирање на штрајк и одлуката за стапување во штрајк.

Четиринаесеттиот дел на „Практикумот" се однесува на постапката за заштита на правата, обврските и одговорностите од работен однос. Во него шематски се објаснети сите чекори што треба да ги преземе работникот во заштитата на неговите права од работен однос.

Петнаесеттиот дел, всушност, претставува шематски приказ на постапката за остварување на заштита на правата, обврските и одговорностите од работен однос.

Шеснаесеттиот дел се однесува на асоцијациите на работниците (синдикатите) и работодавачите. Во него се дефинирани критериумите и е уредена постапката за основање на синдикати и здруженија на работодавачи, односно уписот во Регистерот на синдикати и Регистерот на Здруженија на работодавачи. Акцент се става на посебната заштита на синдикалниот претставник која трае за време додека трае мандатот и две години по завршувањето на истиот.

Во седумнаесеттиот, осумнаесеттиот и деветнаесеттиот дел се поместени шеми на организациона поставеност на репрезентативен синдикат (ССМ), репрезентативно здружение на работодавачи (ОРМ) и репрезентативен гранков синдикат (СИЕР) од кои може да се направи разлика, но и да се увидат сличностите на овие две асоцијации.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Материјалот изнесен во „Практикумот" во целост ги задоволува целите на Наставниот план и програмата по предметот Трудово право и според начинот на кој ја обработува предметната материја ги исполнува сите стандарди за практикум, поради што им го препорачуваме на студентите на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доцент д-р Војо Беловски, претседател, с.р.**
**Доцент д-р Љупчо Сотироски, член, с.р.**
**Вонреден проф. д-р Љупчо Блажевски, член, с.р.**